# ЛЕТО 2025
# Палма де Мајорка

**авион/06ноќи/07дена**

  

***Мајорка,*** бисерот на Балеарските Острови, најголемиот остров во Шпанија-познат по својата надреална природна убавина, прекрасните заливи на исток и егзотичните плажи на југ и север. Овој остров нуди комбинација од кристално чисти води, прекрасни песочни плажи, скриени лагуни, бујни борови шуми, палми и импресивни планински вериги, сите на едно место.

***Главен град Палма***

Главниот град Палма ќе ве маѓепса со својата архитектура и живост. Уживајте во панорамата на готската катедрала на Ла Сеу и прошетајте низ најважните делови на градот. Не заборавајте те да го посетите Валдемоса и шармантното пристаниште Солер, каде што големиот број на јахти се закотвени во марините и сведочат за популарноста на Мајорка меѓу глобалните трендсетери.

***Бескрајните плажи и скриените заливи на Мајорка***

***Плажи и заливи*:** Мајорка е позната по своите извонредно убави плажи кои се протегаат по должината на крајбрежјето од 554 километри. Од источните заливи познати како "Калас", до прекрасните плажи на југ и север, секоја локација нуди уникатно искуство. Ние ги издвојуваме Кала Есмералда, Кала Са Нау и Кала Мурада како дестинации кои мора да се видат.

***Културни искуства*:** Во прилог на сончањето и пливањето, Мајорка нуди богат културен живот. Посетете ги многуте галерии, музеи и учествувајте во локалните фестивали кои ја прикажуваат богатата историја и традиции на овој прекрасен остров.

***Гастрономска понуда:*** Пробајте локални специјалитети во бројни ресторани и таверни. Кујната на Мајорка е силно вкоренета во медитеранските традиции, нудејќи се,  од свежо уловена риба до традиционални шпански тапас.

## *План на патување:*

### *05јун25/четврток*

Состанок на група во 01:45 наутро на Меѓународен аеродром Скопје. Формалности за чекирање и предавање на багаж.Лет до Палма де Мајорка со авиокоманијата Austrian предвиден во 04:25 од Скопје со трансфер преку Виена. Слетување во Палма де Мајорка во 11:20. Организиран трансфер до Хотел. Пријавување во хотел.

***06јун-10јун(петок-вторник)*** Престој во хотел Whala Beach 3* на база ноќевање со појадок и вечера.

***whala!beach | HM Hotels - Official website***

Хотелот Whala Beach 3*  се наоѓа на одлична локација за патници кои пристигнуваат со авион или сакаат да ја истражуваат околината. Хотелот има 300 соби. Хотелот  може да прими голем број на гости, обезбедувајќи им удобен и пријатен престој. Понудата на хотелот вклучува ресторан, бар, Wi-Fi интернет во заедничките простории, мал базен и тераса на покривот, како и можност за играње билијард. Собите во хотелот се опремени со клима уред, сателитска телевизија, телефон, сеф, бања, фен, а повеќето соби имаат балкон, обезбедувајќи им на гостите дополнителна приватност и удобност. Оброците во хотелот Вала Бич се организирани на база полупансион (појадок и вечера) избор од неколку јадења, како и локални алкохолни и безалкохолни пијалоци, во согласност со правилата и времето на хотелот

***11јун25 (среда)*** Појадок . По појадокот одјавување од хотел.Време за кратки индивидуални активности. Во попладневните часови организиран превоз на релација Хотел – Аеродром Палма де Мајорка. Лет во 18:40 од Палма де Мајорка  со трансфер преку Виена.Слетување во Скопје во 00:15 по полноќ на 12јун25

# *ЦЕНА:*

# *868 еур по лице*

**Во цената е вклучено:**

- Авиобилет на релација Скопје Виена Палма де Мајорка Виена Скопје вклучен рачен багаж од 08 кг и чекиран багаж од 23 кг по лице.
- Организиран трансфер на релација Аеродром Палма де Мајорка- Хотел- Аеродром Палма де Мајорка
- Сместување во Хотел Whala Beach на база ноќевање со појадок и вечера

**Во цената не е вклучено:**

- Патничко и здравствено осигурување
- Туристичка такса од 4 еур по лице на ден која се плаќа директно во хотелот

**Предлози за индивидуални посети:**

- Најголема атракција на островот е неговиот главен град, **Палма**. Градот е украсен со катедралата **Ла Сеу**, која била изградена повеќе од 400 години и била реконструирана од страна на познатиот архитект Гауди. Внатрешноста на катедралата е претворена во музеј на слики. И додека шетате низ овој град кој е како Барселона во зеленило, не заборавите да го посетите **Паркот де ла Мар**. Ќе издвојиме само неколку кои туристите ги ставаат на врвот на листата на најубави, како што се плажите на **Плаја де Палма, Палма Нова и Илетас**, која исто така се нарекува шпански Монте Карло. Плажите се карактеризираат со тиркизно сино море, на некои има природна сенка во форма на борови шуми, а некои се исклучително популарни за спортисти поради можноста за сурфање, нуркање, параглајдерство...

- Од останатите атракции  препорачуваме посета на **аквариумот** кој потсетува на подводниот свет на сите мориња и океани. Тука е и **селото Валдемоса**, кое се наоѓа во планините, познато по куќата на композиторот Шопен. Тука се наоѓаи Средновековниот кастел замок, кој потсетува на периодот на витези и кралеви кои се бореле едни со други.

- Не треба да се заборави дека ова е урбано и модерно место со многу кафулиња, ресторани и клубови, така што младите луѓе ја сакаат оваа дестинација поради ноќниот живот кој е гарантиран на овој остров. Еден од најголемите центри на ноќниот живот е **Магалуф,** кој е само 24 километри од главниот град. Во прилог на бројните барови на плажа, дневни и ноќни забави, ова место се истакнува со најубавите плажи на островот.

Напомена: За реализација на овој аранжмано потребни се минимум 30 патници
За патувањето потребно е патниците да поседуваат валидна патна исправа со важност од најмалку 6 месеци од денот предвиден за враќање.